**ДИСЦИПЛИНСКИОТ СОВЕТ ПРИ НОТАРСКАТА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА** во совет составен од Елена Милушева Сапунџиева, претседател на советот, Вјолца Мехмеди, Сашко Георгиев, Мирсад Сурoјi и Ермон Незири, членови на советот, со записничар Тања Илиќ, во дисциплинска постапка против нотарот Г.Ѓ од В., по одржаната расправа во согласност со член 20 од Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка Нотарската комора на Република Северна Македонија, во присуство на нотарот, на ден 30.9.2025 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Нотарот Г.Ѓ од В **виновен е** за сторена дисциплинска повреда по член 139 став (1) алинеја 3) од Закон за нотаријатот, поради тоа што во Уписникот за нотарски платен налог за 2022 година, каде е заведен предметот НПН бр. 293/22, а во рубриката датум на препраќање до надлежен суд нотарот ја запишал датата 22.8.2023 година, а во рубриката-основ за препраќање, нотарот навел водење на судски спор, кои рубрики се пополнуваат доколку нотарот предметот го препраќа до надлежниот суд за натамошно постапување и одлучување како да е поднесена тужба, ако оцени дека предлогот за издавање на нотарски платен налог не е допуштен или основан, со што нотарот постапил спротивно на член 23 од Правилникот за видот, содржината, формата, начинот на водењето на актите, уписниците, книгите и имениците на нотарот, помошните книги, начинот на примање и чување на нотарските исправи и предметите од вредност и нивното издавање и преземање, начинот на чување и обновување на нотарските списи и исправи, начинот на архивирање и организирањето на архивирањето, како и преземање на други формални дејствија. Исто така, нотарот во Уписникот за нотарски платен налог за 2022 година, каде е заведен предметот НПН бр. 293/22, не ја пополнил рубриката која се однесува на датум на приговор, иако истиот во дописот до судот од 22.8.2023 година, наведува дека во согласност со член 72 став (3) од Законот за нотаријатот, го доставува преметот со списите по предлог за издавање на решение за нотарски платен налог зедно со приговор против решението со кое бил усвоен предложениот нотарски платен налог врз основа на веродостојна исправа НПН бр. 293/22, за спроведување на постапка по приговор и донесување на одлука согласно со одредбите од Законот за парничната постапка за постапување по приговор за нотарски платен налог и не ја пополнил рубриката-датум и основ за процесно решение, иако видно од дописот од 5.9.2023 година, насловен како одговор на задолжение, изготвил решение од 31.7.2023 година, по предлог за укинување на потврдата на правосилност и извршност на решението за издавање на нотарски платен налог НПН бр.293/22 од 28.12.2022 година, кое го доставил до судот, со што нотарот постапил спротивно на член 111 од Законот за нотаријатот и член 23 од Правилникот за видот, содржината, формата, начинот на водењето на актите, уписниците, книгите и имениците на нотарот, помошните книги, начинот на примање и чување на нотарските исправи и предметите од вредност и нивното издавање и

преземање, начинот на чување и обновување на нотарските списи и исправи, начинот на архивирање и организирањето на архивирањето, како и преземање на други формални дејствија, поради што се казнува со дисциплинска мерка – **јавна опомена.**

2. Нотарот Г.Ѓ од В **виновен е** за сторена дисциплинска повреда по член 139 став (1) алинеја 3) од Закон за нотаријатот, поради тоа што во Уписникот за нотарски платен налог за 2023 година, каде е заведен предметот НПН бр.1/23, нотарот во рубриката-датум на препраќање до надлежен суд, ја упишал датата 12.12.2023 година, а во рубриката-основ за препраќање, нотарот навел водење на судски спор, иако нотарот го доставил предметот на увид до судот, поради поднесена тужба за побивање на должникови декствија по барање од судот заведено под ТС1 бр. 13/2023 од 6.12.2023 година, со што постапил спротивно на член 111 од Законот за нотаријатот и член 23 од Правилникот за видот, содржината, формата, начинот на водењето на актите, уписниците, книгите и имениците на нотарот, помошните книги, начинот на примање и чување на нотарските исправи и предметите од вредност и нивното издавање и преземање, начинот на чување и обновување на нотарските списи и исправи, начинот на архивирање и организирањето на архивирањето, како и преземање на други формални дејствија, поради што се казнува со дисциплинска мерка – **јавна опомена.**

3. За дисциплинските повреди опфатени со точка 1) и 2) од диспозитивот на решението, се изрекува единствена дисциплинска мерка – **јавна опомена.**

**Претседател Советот,**
**Елена Милушева Сапунџиева**

**ПРАВНА ПОУКА**: Против решението дозволена е Жалба во рок од 8 дена по приемот до Второстепениот дисциплински совет;

ДН:
- Нотарот;
- Архивата на НКРСМ;
- По конечноста до Министерство за правда;